

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец март 2026

Датум: 07.04.2025
Сектор Инвестиции

## Содржина

1. Алкалоид АД Скопје ... 3
2. Македонски Телеком АД Скопје ... 8
3. УНИ Банка АД Скопје ... 10

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец март 2026 година се одржаа акционерски собранија на **Алкалоид АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје и УНИ Банка АД Скопје,** компании во кои Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд и Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус поседуваат акции и за кои согласно Правилникот, Друштвото има обврска за присуство и известување.

# 1. Алкалоид АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство:

**I. Алкалоид АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Алкалоид АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **1,977%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,827%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 30.03.2026 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Избор на претседавач со Собранието;<br>2. Избор на бројачи на гласови;<br><br>**Работен дел:**<br><br>3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2025 година (единечен и консолидиран); | |

| | |
|---|---|
| | - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи;<br>4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото; Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2025 година;<br>5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;<br>- Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;<br>6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2025 година;<br>- Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2025 година;<br>7. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2025 година;<br>8. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар);<br>9. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;<br>10. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции;<br>11. Писмено известување за оставка од член на Надзорен одбор и донесување на Одлука за избор на нов член на Надзорен одбор; |

| | |
|---|---|
| | 12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година |
| *Претставници на Собранието* | Игор Радовски |

**II. Алкалоид АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Алкалоид АД Скопје се одржа на 30.03.2026 година со почеток во 08:00 часот во просториите на Друштвото, на бул. Александар Македонски бр.12 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на бројачи на гласови;

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2025 година (единечен и консолидиран)
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи

**Гласаше ЗА**

4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година (единечни и консолидирани)
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година (единечни и консолидирани)
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2025 година

**Гласаше ЗА**

5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите

**Гласаше ЗА**

6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2025 година
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2025 година

**Гласаше ЗА**

7. Предлог Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2025 година

**Гласаше ЗА**

8. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар)

**Гласаше ЗА**

9. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Гласаше ЗА**

10. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции

**Гласаше ЗА**

11. Писмено известување за оставка од член на Надзорен одбор и донесување на Одлука за избор на нов член на Надзорен одбор
12. 

**Гласаше ЗА**

13. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година

**Гласаше ЗА**

**1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Алкалоид АД Скопје:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Алкалоид АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На годишното акционерско собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 60,61% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Пред да се започне со гласање по точките од работниот дел од Дневниот ред пред акционерите се обрати Претседателот на Управниот одбор, образложувајќи ги резултатите на компанијата и идните планови за развој. Свое обраќање имаше и финансискиот директор воедно и Член на Управниот обор, кој даде подетален преглед за постигнатите резултати во 2025 година. Воведно излагање имаше и независниот член на Надзорниот одбор- Лидија

Софревска Андонова, кој го образложи извештајот на Надзорниот одбор и се осврна на работата на Друштвото во изминатата година.

По точките од работниот дел од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за работата на Друштвото за периодот јануари - декември 2025 година, работата на Управниот и Надзорниот Одбор, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорските извештаи, како и Одлуката за распределба на добивката. На Собранието акционерите ја усвоија и предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 720 денари по акција. На собранието се гласаше и успешно се изгласа предлог одлука за избор на нов член на Надзорниот одбор, на местото на досегашниот претседател проф. д-р Миодраг Мицајков кој си поднесе оставка. Предложениот кандидат беше Зоран Костовски, кандидат кој најголем дел од своето работно искуство го стекнал во Алкалоид, а од 2024 година е во пензија. Како последна точка од работниот дел, успешно се изгласа и назначувањето на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2026 година.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по точите од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите претставувани на собранието.

Во ревидираните финансиски извештаи на Алкалоид АД Скопје ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата.

Вкупните консолидирани приходи од продажба на производи и услуги во 2025 година изнесуваат 20.889 милиони денари, и во споредба со остварените продажби во 2024 година (19.005 милиони денари) бележат раст од 10%. Најголем дел, 65%, од вкупните продажби се пласираат надвор од Македонија, а од пазарите во странство најзначајно место имаат земјите од нашиот регион (екс ЈУ), со учество од 30,8%. Гледано пак во рамките на поединечна земја од земјите во странство, пазарот во Србија има доминантна позиција со учество од 16% во вкупните продажби на групацијата, па следи рускиот пазар со удел со 15,7% (во 2024 година учеството изнесувало 14,7%).
Секторот фармација има доминантно место во компанијата, со учество од 91,5% во вкупните приходи од продажба и над 97% во добивката. Нето добивката на Групацијата изнесуваше 1.795 милиони денари, и споредена со добивката од минатата година бележи раст од 6,6,%.

Вкупните средства, заклучно со 31.12.2025 година, изнесуваат 24.355 милиони денари и се зголемени за 13,4%. Раст е забележан и кај тековните и нетековните средства. На страната на пасивата вкупните обврски изнесуваат 8.934,4 милиони денари и се повисоки за 31,8% во однос на претходната година. Остварените вкупни расходи во 2025 година изнесуваат 18.813 милиони денари и во однос на 2024 година се зголемени за 10,7%. Во структурата на вкупните расходи најголемо учество со 26,1% има ставката надоместоци за вработените, пота следи ставката набавна вредност на продадени стоки со 24,6%, и суровини и материјали со удел од 21,8%.

Откако беа изгласани сите точки од Дневниот ред, Претседателот на собранието, го прогласи годишното акционерско собрание за завршено.

## 2. Македонски Телеком АД Скопје

### 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус.

**III. Македонски Телеком АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,96%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,55%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 31.03.2026 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар.<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Предлог Одлука за избор на член на Одборот на директори на Друштвото | |
| *Претставник на Собранието* | Горјан Анастасов | |

**IV. Македонски Телеком АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 31.03.2026 година со почеток во 11:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6 во Скопје. Сава

пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар.

**Гласаше ЗА предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Предлог Одлука за избор на член на Одборот на директори на Друштвото

**Гласаше ЗА**

## 2.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски Телеком АД Скопје:

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На годишното акционерско собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 96,55% од акциите со право на глас.
По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точката од Работниот дел.

Како единствена точка од работниот дел, со 100% од присутните акционери на Собранието се изгласа и Одлуката за избор на член на Одборот на директори на Друштвото. За господинот Иван Митровски, државјанин на Република Северна Македонија, беше констатирана оставката на позицијата неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, почнувајќи од 29.12.2025 година. Господинот Александар Стоилевски, државјанин на Република Северна Македонија, беше избран на негово место како неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.04.2026 година. Мандатот на избраниот член на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по точката од Дневниот ред.

Откако беа изгласани сите точки од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.

# 3. УНИ Банка АД Скопје

## 3.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

### I. УНИ Банка АД Скопје

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **УНИБанка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,92%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,22%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 09.03.2026 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар<br><br>**Работен Дел**<br>1. Предлог Одлука за именување член на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје<br>2. Предлог Одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје<br>3. Разно. | |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов | |

### II. УНИ Банка АД Скопје

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИ Банка  АД Скопје, се одржа на 09.03.2026 година со почеток во 13 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр.6, Скопје.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог Одлука за именување член на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;

   **Гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;

   **Гласаше ЗА**

## 3.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје

На годишното акционерско собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 77,82% од акциите со право на глас. Откако беше констатирано дека се исполнети условите за работа на собранието и се избраа работните тела од Процедуралниот дел се премина на работниот дел од Дневниот ред.

Во Работниот дел од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за именување на Антонио Валентинов Дичев како член на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со мандат од 4 години, сметано од денот на добивање претходна согласност од Извршниот одбор на Народна банка на Република Северна Македонија.

Присутните акционери позитивно се изјаснија и по Одлуката за именување на Николај Бебов како независен член на Надзорниот одбро на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со мандат од 4 години, сметано од денот на добивање претходна согласност од Извршниот одбор на Народна банка на Република Северна Македонија.

Сава пензиско друштво АД Скопје, гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа усвоени од страна на акционерите претставувани на ова акционерско собрание.

Откако се усвои и последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.